| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Животните наши пријатели |
| **Содржина на денот** | Лево – десно - во средина |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Билјана Цветаноска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување во градинка,во домот,надвор. |
| **Активности** | Многу дечиња од предучилишна возраст често ги користат двете раце еднакво за одредена активност.<br>Но како да го научиме детето да ја разликува својата лева од десна страна.<br>Поттикнете го Вашете дете да нацрта и исече круг од црна колаж хартија во големина на детката рака, која ќе биде основа на апикацијата.<br>Нацртајте ги левта и десната рака,со ножички помогнете му на детето да ги исече, а потоа залепете ги на кругот во вид на лево и десно крилце.<br>Повикајте го детето да застане во ист правец како што стоите и побарајте од него да ги именува предметите во собата кои се поставени на левата, во средина и на десна страна во собата. Потоа детето завртете го на другата страна (завземајќи друг правец) и повторно се одредува што стои од лева,во средина ,а што од десната страна.<br>Исто така може да врзувате врвки на лева и десна обувка.  Врзувањето врвки е предизвик за секое дете.Обидете се заедно со Вашето дете да нацртате лева и десна обувка која ќе биде во различна боја (како детето подобро би ги разликувало), исечете ги и со волница заменете ги врвките на обувките.<br>Најнапред научете го детето да врзува јазол и кога еднаш ќе му покажете, инсистирајте детето да ја повторува активноста додека целта од постигнатите резултати кај детето не бидат очигледни. |